ИСПЛАТЕНИ УШТЕ ДВА КОРИСНИКА НА СРЕДСТВА ОД ИПАРД ПРОГРАМАТА



Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој продолжува со исплата на средства од ИПАРД Програмата.
По успешната реализација на инвестициите уште два корисника добија средства од ЕУ фондовите наменети за рурален развој.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 961.360,00 денари на корисникот Пеца Комерц од Кавадарци за набавка на опрема за подобрување на квалитетот на виното.
Од вкупно исплатените средства, 721.020,00 денари се средства од буџетот на ЕУ и 240.340,00 денари се средства од буџетот на РМ.

За обновување на постоечки лозови насади, на корисникот Зем Производ од Карбинца исплатени се вкупно 2.177.436,00 денари со износ на национално кофинансирање од 544.359,00 денари и ЕУ дел 1.633.077,00 денари.